**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** **www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

Бр: ________________
Скопје: ________________

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

## НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Скопје, 2015

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Врз основа на член 17 став 7од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ,, бр.27/14 и 199/14) член 28 став 8 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ,, бр.145/10), 136/11 и 41/14) и член 12 од Статутот на Комисијата, Комисијата на седницата одржана на ден 09.09.2015 година година донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА
# КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начелата на внатрешната организација, начинот на работата на стручната служба на Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошен текст: Комисија), видовите на организациски облици, нивниот делокруг и хиерархиската поставеност.

### Член 2

Внатрешната организација на стручната служба на Комисијата е во согласност со надлежностите на Комисијата утврдени во Законот за заштита на конкуренцијата и Закон за контрола на државната помош.

Со внатрешната организација на стручната служба на Комисијата утврдена со овој Правилник се обезбедува:

- законито, стручно, ефикасно и рационално вршење на работите и задачите;
- независност и одговорност при вршењето на задачите;
- -еднообразност и хиерархиска поставеност на организационите единици;
- меѓусекторска координација и
- успешно и квалитетно раководење на стручната служба на Комисијата.

### Член 3

1)Комисијата за заштита на конкуренцијата е самостоен државен орган
и за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија.

## II. ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБЛИЦИ

### Член 4

Заради ефикасно вршење на работите и задачите од делокругот на Комисијата, согласно видот, обемот и степенот на нивната сложеност, како и меѓусебната поврзаност и сродност, во стручната служба на Комисијата се образуваат следниве организациски облици:

1) Сектор за општи и правни работи
   1.Одделение за општи и стручно-административни работи
   2.Одделение за комуникација и односи со јавноста и управување со човечки ресурси

2) Сектор за анализи и оценка на концентрации
   1. Одделение за истражување и анализа на пазарите
   2. Одделение за оценка на концентрации

3) Сектор за прекршочни постапки

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

1. Одделение за прекршочни постапки од областа на злоупотреба на доминантна позиција и концентрации
2. Одделение за прекршочни постапки од областа на забранети договории и полесни прекршоци утврдени со Законот за заштита на конкуренцијата

4) Сектор за контрола на државната помош
   1. Одделение за надзор на државната помош
   2. Одделение за оценка на државната помош

5) Сектор за меѓународна соработка, следење и примена на правото на ЕУ
   1. Одделение за меѓународна соработка
   Одделение за следење и примена на правото на ЕУ
6) Одделение за финансиски прашања

## III. ДЕЛОКРУГ НА ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБЛИЦИ

### 1. Сектор за општи и правни работи

**Член 5**

Секторот за општи и правни работи ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следните функции на Комисијата:

- правни и стручно-административни работи
- комуникација и односи со јавноста и управување со човечки ресурси

**Член 6**

Оддлението за општи и стручно-административни работи ги врши следниве работи и задачи:

- ги подготвува и се гржи за извршување на сите документи од надлежност на Комисијата поврзани со стручната служба;
- подготвува преписка поврзана со работењето на Комисијата;
- врши архивско работење;
- прием на документарен материјал во писарница и негово разнесување во другите организациски единици;
- врши контрола, ажурирање и стручна обработка на податоците во информатичкиот систем, а во врска со остварувањето на работите и задачите на вработените во стручната служба;
- преводи од потребната документација;

**Член 7**

Одделение за за комуникација и односи со јавноста ги врши следниве работи и задачи:

-организирање на конференции за печат, радио и телевизија, брифинзи за новинари и интервјуа;
-подготвување на соопштенијата за печат и ги следи медиумските настани поврзани со работењето на Комисијата;
- подготвување на промотивни материјали за презентирање на Комисијата;
- советување на претседателот за релевантните прилози во медиумите пред неговите јавни настапи;
-протоколот на претседателот и остварување на контакти со протоколите на другите државни органи;
- вршење на сложени административни работи кои се однесуваат на административно-технички работи на претседателот;
- ги следи прописите и стандардите за управување со човечки ресурси, се грижи за правилна примена на законските и подзаконските акти од областа на човечките ресурси.

### 2. Сектор за анализи и оценка на концентрации

**Член 8**

Секторот за економски анализи ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следните функции на Комисијата:

- истражување и анализа на пазарот
-оценка на концентрации

**Член 9**

Одделението за истражување и анализа на пазарот ги врши следниве работи и задачи:

-дава стручни насоки во поглед на начинот и методите на истражувањата на одделни пазари во регулираните сектори;
-утврдува одредени однесувања на претпријатија кои може да се сметаат за прекршоци согласно ЗЗК и дава предлози за поведување на прекршочни постапки по службена должност;
-дава стручни појаснувања и мислења за состојбите во регулираните сектори и состојбите на одделни пазари за потребите на давање на стручни мислења од страна на Комисијата;
-дава стручни насоки при изготвување на економски анализи, информации и други економски материјали за состојбите на одделни пазари за целите на прекршочните постапки кои се водат пред Комисијата;

**Член 10**

Одделението за Одделение за оценка на концентрации ги врши следниве работи и задачи:

-дава стручни насоки во поглед на начинот и методите на оценка на пријавените концентрации во регулираните сектори;
-утврдува одредени однесувања на претпријатија кои може да може да се сметаат за прекршоци согласно ЗЗК и дава предлози за поведување на прекршочни постапки по службена должност;
-го контролира следењето на исполнувањето на извршните решенија на Комисијата;
-дава стручни појаснувања и мислења за состојбите во регулираните сектори и состојбите на одделни пазари за потребите на давање на стручни мислења од страна на Комисијата;
-изготвува економски анализи, информации и други економски материјали за состојбите на одделни пазари за целите на прекршочните постапки кои се водат пред Комисијата;

**3.Сектор за прекршочни постапки**

**Член 11**

Секторот за прекршочни постапки ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следните функции на Комисијата:

- прекршочни постапки од областа на залоупотреба на доминантна позиција
- прекршочни постапки од областа на забранети договори и концентрации

**Член 12**

Одделение за прекршочни постапки од областа на злоупотреба на доминантна позиција и концентрации ги врши следниве работи и задачи:

-дава насоки при изготвување на предлог одлуките и другите акти кои се поврзани со прекршочната постапка чиј предмет се злоупотреба на доминантната позиција и полесни прекршоци утврдени со Законот за заштита на конкуренцијата;
-врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите како и следење, вреднување и оценување на остварените резултати во работата на службениците во одделението;
-врши надзор и дава стручни насоки при изготвувањето на анализи, информации и други материјали кои се однесуваат на прекршочните постапки кои се водат пред Комисијата за одлучување по прекшоци чиј предмет се злоупотреба на доминантната позиција и полесни прекршоци утврдени со Законот за заштита на конкуренцијата;
-го контролира следењето на исполнувањето на извршните решенија на Комисијата за одлучување по прекшоци;

**Член 13**

Одделение за прекршочни постапки од областа на забранети договории и полесни прекршоци утврдени со Законот за заштита на конкуренцијата ги врши следниве работи и задачи:

- дава насоки при изготвување на предлог одлуките и другите акти кои се поврзани со прекршочната постапка чиј предмет се забранетите договори и концентрациите како и полесните прекршоци утврдени со Законот за заштита на конкуренцијата;
- рши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите и задачите како и следење вреднување и оценување на остварените резултати во работата на службениците во одделението ;
- врши надзор и дава стручни насоки при изготвувањето на анализи, информации и други материјали кои се однесуваат на прекршочните постапки кои се водат пред Комисијата чиј предмет се забранетите договори и концентрациите како и полесните прекршоци утврдени со Законот за заштита на конкуренцијата;
- го контролира следењето на исполнувањето на извршните решенија на Комисијата

**4. Сектор за контрола на државната помош**

**Член 14**

Секторот за контрола на државната помош ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следните функции на Комисијата:

- надзор на државната помош
- оценка на државната помош

**Член 15**

Одделението за надзор на државната помош ги врши следниве работи и задачи:

-ги анализира, проучува сите Годишни извештаи од давателите на државната помош за доделената дозволена државна помош во претходната година;
-подготвува заклучоци за поведување постапка во врска со измените на постојната државна помош;
-подготвува предлог решенија во врска со измените на постојната државна помош;

**Член 16**

Одделението оценка на државната помош ги врши следниве работи и задачи:

-ги следи проучува сите акти со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на економската активност, а може да имаат влијание на контрола на државната помош;
-составува мислења и заклучоци кои се однесуваат на оценката на државната помош;
- ги утврдува релевантните факти и околности за донесување на предлог решенија;
- составува предлог решенија со кои се завршува постапката пред Комисијата;

**5.Сектор за меѓународна соработка, следење и примена на правото на ЕУ**

**Член 17**

Сектор за меѓународна соработка, следење и примена на правото на ЕУ ги врши работите и задачите што се однесуваат на остварувањето на следните функции на Комисијата:

- меѓународна соработка, следење и примена на правото на ЕУ од аспект на заштита на конкуренцијата

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

- меѓународна соработка, следење и примена на правото на ЕУ од аспект на државната помош

**Член 18**

Одделение за меѓународна соработка ги врши следниве работи и задачи:

-дава стручни насоки во поглед на начинот и методите на остварување на билатерална и мултилатерална соработка за целите на примена на ЗЗК;
- дава стручни насоки во поглед на начинот и методите на следење и примена на правото на ЕУ за целите на примена на ЗЗК;
-дава насоки и ја контролира подготовката на документи (договори, меморандуми за соработка и сл.) за билатерална и мултилатерална соработка и соработка на КЗК со ЕУ за целите на примената на ЗЗК;
-дава предлози кои Регулативи, насоки, уредби и упатства на ЕУ треба да се имплементираат во македонската регулатива за заштита на конкуренцијата;
-дава насоки за остварувањето и спроведувањето на потребните активности во процесот на приближување на националното законодавство кон ЕУ законодавството (седници на РКЕИ, реализација на НПАА);

**Член 19**

Одделение за следење и примена на правото на ЕУ ги врши следниве работи и задачи:

дава стручни насоки во поглед на начинот и методите на остварување на билатерална и мултилатерална соработка за целите на примена на ЗКДП;
-ја насочува и координира работата на одделението и дава стручни насоки во поглед на начинот и методите на следење и примена на правото на ЕУ за целите на примена на ЗКДП;
-дава насоки и ја контролира подготовката на документи (договори, меморандуми за соработка и сл.) за билатерална и мултилатерална соработка и соработка на КЗК со ЕУ за целите на примената на ЗКДП;
-дава предлози кои Регулативи, насоки и упатства на ЕУ треба да се имплементираат во македонската регулатива за контрола на државната помош;
-дава насоки за остварувањето и спроведувањето на потребните активности (во процесот на приближување на националното законодавство кон ЕУ законодавството (седници на РКЕИ, реализација на НПАА);

**Член 20**

**6. Одделението за финансиски прашања**

Одделението за финансиски прашања ги врши следниве работи и задачи:

- следење на законските прописи и на другите подзаконски акти од областа на буџетот и финансиско-материјалното работење;
-изготвување, извршување и известување за извршување на буџетот;
-измени и допонувања на буџетот и стратешкиот план;
-управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата утврдено со буџетот;
-изготвување на месечни, квартални и годишнен финансиски план за извршување на буџетот, следење на остварување на приходите и извршување на трошоците на субјектот;
-контролира на смедководствено евидентирање за извршување и подготвување на годишна сметка, благајничко работење, подготовка, примање и ликвидирање на сметководствената евиденција;
- проверување на исправноста на книговодствените исправи,
-спроведува **ex-ante** и **ex-post** финансиска контрола;
-изготвување на прегледи, исплаќања плата и и надоместоци и нивна евиденција;
-примена на законите, подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки;

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk


-изготвување на годишен план за јавни набавки и следење и согледување на потребите од набавки;
-стручна и техничка помошна Комисијата за јавни набавки, водење евиденција и документација во врска со јавните набавки;
-реализација на други активности од својот делокруг.

**Член 21**

**IV. РАКОВОДЕЊЕ**

Претседателот ја застапува, претставува и раководи со работата на Комисијата, а генералениот секретар раководи со стручната служба.
Раководителот на сектор раководи со секторот, а во негово отсаство го заменува раководителот на одделение.
Раководителот на одделение раководи со одделението, а во негово отсаство го заменува овластен државен службеник.
Седниците и колегиумите се форми на остварување на раководењето со Комисијата.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 22**

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за внатрешна организација на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.01-13/14 од 11.01.2012 година

**Член 23**

Овој Правилник влегува во сила и ќе се применува со денот на неговото донесување, а по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Претседател**
**Благој Чурлинов**